Константин ПЕТРОВ

# СПОРЕДБЕНИ ИСТРАЖУВАЊА НА ДИСПОЗИЦИОНИТЕ И КОНСТРУКТИВНИТЕ ОСОБЕНОСТИ НА БАЗИЛИКИТЕ ВО СТОБИ И ВО ЦАРИЧИН ГРАД

## (Извадок од студија)

Меѓу испитаните а затоа и добро познатите рановизантиски центри во нашата земја несомнено спаѓаат Стоби и Царичин Град. Околноста дека и во едниот и во другиот град се откриени повеќе базилики не само што укажува на значењето на овие културни и уметнички средишта, туку ги прави истовремено и особено занимливи за науката. Во оваа смисла споменатата околност овозможува и споредбени истражувања на базиликите и објаснување на причините за јавување на своевидни диспозициони и конструктивни решенија во нив.

Во приодот кон овие истражувања, вниманието најнапред го задржува Епископската базилика во Стоби, со неколку издвоени особености. Меѓу овие, забележлива е трапезоидалната форма на атриумот тристоон, мошне мал во сооднос со грандиозните атриуми на царичинградските храмови. Ваквата диспозиција на атриумот во Епископската базилика во Стоби може да биде објаснета со околноста дека базиликата била соградена во една постојна стара урбанистичка агломерација и затоа, во приспособувањето на источно ориентираната Епископска базилика кон полукружниот плоштад, е најдено решение во атриум со неправилен облик. Редуцираниот облик и површина на овој атриум бара уште две нови концесии. Едната е соодветно скромна конструкција на портикните колонади, а другата е компензирано зголемен нартекст.

Ваквo концесионирање кон стариот урбанистички план во Стоби ќе се јави уште кај две базилики, меѓутоа, во Царичин Град вакво приспособување ќе се јави само еднаш. Тоа е случај со Јужната базилика кај која, заради источната ориентација, западната фасада на атриумот отстапува од линијата на главната улица со правец север—југ. Ваков, нешто помал ази-

мут има Епископската црква во Царичин Град, но нејзината ориентација е сосема независна од градската агломерација.

Натамошен интересен елемент во диспозицијата на Епископската базилика во Стоби е неправилност во широчината на коработите. Овде е и северниот кораб, а уште повеќе јужниот кораб поширок во источниот крај, така што е целата западна фасада на наосот потесна од источната фасада. Неправилности од ваков карактер не можат да се откријат ни во една од црквите во Царичин Град, затоа што протомагистрите на храмовите не биле принудени да прават отстапки кон стара градска агломерација.

Во замена на овие прилагодувања и редукции во Епископската базилика во Стоби има други вредности какви што нема во црквите во Царичин Град. Најважна меѓу нив е вонредно богатата декоративна пластика изведена на сите места од скапоцен мермер, кој што овозможувал минуциозна скулпторска доработка. Во Царичин Град, меѓутоа, и во Епископската базилика и во другите храмови, сета декоративна пластика бла изведена од варовник и пропилитисан дацит, кој сега долго изложен на атмосферски води и температурни осцилации постепено ги губи остриците на скулпторската доработка. Оваа спомената разлика секако произлегува не само од изобилство на мермер во областите блиски на Стоби туку и од изобилство на стар мермер во паганскиот Стоби, додека во новопланираниот Царичин Град немало ни достатно средства ни достатно време да се допреми и долготрајно обработува фин мермер.

Понатаму, своевидни неправилности и отстапувања има и во Базиликата синагога во Стоби. Едно од таквите концесионирања е најнапред евидентно во атриумот на базиликата кој што е потесен дури и од двата кораби — северниот и средниот. На овој начин со малиот атриум тетрастоон е задоволена потребата пред наосот да се формира атриум, а од друга страна е сторено место за три простории на јужната страна — во оската на јужниот кораб, можеби за консигнаториум, сакристија или ораториум. Треба да се додаде, меѓутоа, дека и во вака стеснатиот атриум сепак е изведена луксузна конструкција со пет колони меѓу зиданите портикни делови. Инаку, ваквото цело концепционо и димензиско отстапување го обусловува веќе изградениот простор северно и јужно од Базиликата синагога, кој не дозволил доградби на бочни простории. Во новопланираниот Царичин Град ни во една од црквите нема вакви концесионирања, затоа што е градењето на сите цркви изведено сред достатен простор за анексни одделенија.

Во Базиликата синагога, токму како во Епископската базилика во Стоби, за компензација на стеснатиот и редуцираниот атриум е направено место за голем нартекст — долг колку ширината на трите кораби на базиликата и поширок од

атриумските портици. Вакви поголеми нартекси не се конструирани во црквите во Царичин Град затоа што во сите храмови големите атриуми ја елиминираат потребата од нартекси за компензирање.

При анализа на Базиликата за крштавање во Стоби може да се констатира иако неправилно изведен, еден релативно простран ексонартекс хексастилон, сосема сигурно обусловен од градската збиена агломерација, поточно од улицата Виа принкипалис инфериор. Во Царичин Град вакви решења со големи ексонартекси не се применувани затоа што пространите атриуми во подобра мера ја преземале функцијата на ексонартексите.

Вонградските базилики во Стоби, Трансеригонската, Паликурската и Гробишната не се погодни за прикажување во овој извадок, не само затоа што тие не се градени во градски услови, туку и затоа што нивниот карактер бара многу повеќе место за изложувањето.

Неколкуте од овие прикажани диспозициони и конструктивни особености како и сите други на базиликите во Стоби, се обусловени од стратиграфската многуврсност на градот, од неговата збиена агломерација, од постоење на многу други згради во кои требаше базиликите да се вткаат. Од друга страна ваквата многуслојност на култури носеше и многу мермер во пагански згради од кои во извесни случаи беа земани колони, капители и фризови за повторна употреба во рановизантиските цркви во Стоби.

Во Царичин Град најзначајна црква е секако Епископската базилика, која со должина од седумдесетина метри и широчина од над дваесетина метри (без анексите) покрива површина од над 1.400 метри квадратни. Оваа сосема правилно изведена базилика, има атриум како и другите четири базилики во Царичин Град, така што овој диспозиционен елемент треба да се смета за една од особеностите на црквите во Царичин Град, што во црквите во Стоби не е застапен во вистинска форма. Има, меѓутоа, две особености кај оваа Епископска базилика што треба да бидат нагласени. Едната од нив е несразмерот во димензиите меѓу наосот и другите простории. Имено, релативно неголемиот трикорабен наос во Епископската базилика во Царичин Град има само нешто над 400 метри внатрешна површина, додека западниот предатриумски трем, атриумот тетрастоон, нартексот и светилиштето имаат околу 1.000 метри површина. Втора значајна особеност е четириконхалната крстилница на јужната страна на базиликата, која заедно со анексот покрива површина од над 450 метри квадратни; самиот внатрешен распон меѓу конхите е шеснаесет метри, што укажува на димензии какви што на друго место не се среќаваат.

За наспоредба треба да се наведе дека внатрешниот простор на наосот од Епископската базилика во Стоби има над 1.000 метри површина, додека трапезоидалниот атриум и нартексот имаат само околу 320 метри квадратни. Инаку внатрешниот распон меѓу конхите на крстилницата крај Епископската базилика во Стоби е помал од осум метри, а распонот меѓу конхите на крстилницата крај Базиликата за крштавање во Стоби е само пет метри.

Натаму, во Царичин Град секако и заради намената, Базиликата со крипта има помали димензии и на атриумот тетрастоон и на наосот. Овде, меѓутоа, има една особеност во конструкцијата која не се среќава во Стоби, а која и инаку ретко се среќава во ваква изведба. Тоа е големата трикорабна крипта со сводови, што се простира под целиот наос. Внатрешната слободна површина од околу 170 метри квадратни, сосема ги надминува димензиски криптите не само во базиликите во Стоби и во Македонија, туку и во многу старохристијански и рановизантиски базилики во други региони.

Во споредбена смисла вниманието на истражувањето го привлекува особено таканаречената Јужна базилика, со атриум тристоон и нартексот во димензиите на источниот портик на атриумот. Меѓутоа, вон од ова, Јужната базилика има и мошне развиен еднокорабен трансепт, кој што е многу поширок од бочните кораби на истата црква. Конструктивната изведба на трансептот од оваа Јужна базилика од Царичин Град не е применувана во базиликите во Стоби, но се среќава во модифицирана примена во извесни базилики во некои области во Византија.

Од останатите две цркви во Царичин Град поособена е Крастобразната црква, која пред основата на наосот во облик на слободен крст, има атриум тристоон. Во Стоби досега не е откриена црква со основа во облик на слободен крст, така што оваа особеност е основа на разликите во примена на типови основи при градењето. Другата Југозападна базилика со ексонартекс и нартекс е во нормални димензии без особености.

Во целина оценети најважните диспозициони и конструктивни особености во црквите во Царичин Град: развиен атриум, големи димензии на градбите, правилни изведби на сите диспозициони делови без отстапки на урбанистичка агломерација, грандиозна крипта, простран трансепт, произлегуваат и се обусловени од следниве околности на градот.

Царичин Град има само еден културен слој во VI и почетокот на VII век за што сведочи Јустинијановиот монограм на еден капител, потоа архиепископскиот печат од истото време и монети што ја поткрепуваат оваа хронологија. Градот е планиран во целина и изграден континуирано и затоа е веројатна претпоставката дека е дело на една иста група на протомагистри урба-

нисти и градители. Отсуството на постари градски делови обусловило слободно и правилно изведување на црквите, на таа околност значеше и отсуство на обработен камен во протогена употреба и затоа е во градбите употребен недоработен камен шкрилец и многу тули. Во иста смисла брзината на градењето и немање можност за користење на мермер од постари згради го објаснува речиси потполно отсуството на мермер. Вакви се некои од споредбите меѓу Стоби и Царичин Град сумирани во извадок од истражувањата на диспозиционите и конструктивните особености.